ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-77/6**

**Дата: 02.03.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации (930) на Општина Струмица за 2008 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката за Наменски дотации (930) на општина Струмица, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :
   - Зоран Заев, Градоначалник на Општина Струмица во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 26.11.2009, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 12.02.2010 година примени се забелешки на Претходниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Општина Струмица за средствата на сметката на Наменски дотации, под број 08 – 385/3 од 09.02. 2010 година, од Градоначалникот на општина Струмица. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките кои се однесуваат на точките **10.1.1. и 10.1.2. не се прифаќаат,** од причина што не претставуваат забелешки туку известување дека се почнати постапки за отстранување на неправилностите.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на акти**

11.1.1. На Сметката за наменски дотации (930) на општина Струмица на ден 31 декември 2008 година има неискористени средства од корисниците на наменските дотации во износ од 6,873 илјади денари. Најголем дел од овие средства со финансиските планови на корисниците биле планирани за плати, наемнини и надоместоци. Меѓутоа останале неискористени поради необезбедување на согласности за нови вработувања, замена на вработени кои се на боледување, или за вработување на определено време од надлежните министерства. Исто така, општинските корисници дел од планираните набавки не ги реализирале во текот од годината што резултирало со неискористување на планираните средства за тие намени.
Планираните средства се одобрени за друга намена во наредната година со Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Струмица за 2009 година.

**Препорака:**
За целосно и навремено реализирање на програмските активности и финансиските планови на корисниците да се подобри комуникацијата помеѓу одговорните лица во единицата на локална самоуправа, корисниците на наменски дотации и надлежното министерство.

11.1.2. Финансирањето на пренесените надлежности во општините од септември 2007 година се врши преку блок дотациите. Утврдување на критериумите и износите на блок дотациите се врши согласно уредби за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за општинските јавни установи за деца-детски градинки по општини, за локалните установи во културата, за основното образование по општини и за средното образование по општини и Градот Скопје донесени од Владата на Република Македонија. Надлежните министерства, ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на наменските и блок дотациите, согласно кои вршат распределба на средствата по општини.

Советот на општина Струмица нема донесено пишани критериуми за распределба на средствата од блок дотациите помеѓу корисниците во надлежност на општината, односно при распределба се користат горенаведените критериумите од надлежните министерства.
Непостоењето на вакви критериуми создава ризик од намалена транспаретнот и нееднаков третман на корисниците во распределбата.

**Препорака:**
Советот на општина Струмица да донесе пишани критериуми за распределба на средствата од блок дотациите, со цел да се обезбеди транспарентност и еднаков третман на корисниците во распределбата.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Струмица на ден 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиските извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

Скопје, 24.02.2010 година                                        Овластен државен ревизор

**ОПШТИНА СТРУМИЦА СМЕТКА НА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ (930)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | **3.1.1** | 349.344 | 111.082 |
| **Вкупно приходи** | | **349.344** | **111.082** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | **3.2.1** | 272.870 | 73.743 |
| Стоки и услуги | **3.2.2** | 69.601 | 36.558 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **342.471** | **110.301** |
| **Вкупно расходи** | | **342.471** | **110.301** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **6.873** | **781** |

**ОПШТИНА СТРУМИЦА – СМЕТКА НА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ (930)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 6.873 | 781 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6.873** | **781** |
| **Вкупна актива** | | **6.873** | **781** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 6.873 | 781 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **6.873** | **781** |
| **Вкупна пасива** | | **6.873** | **781** |